Република Северна Македонија
**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave**

03 јануари, 2025 година

АРХИВСКИ БРОЈ: 33 – 198/1

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство врз основа на член 42 став (2) од Законот за рибарство и аквакултура ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 64/24), донесе

РЕШЕНИЕ
за висината на цената на државната дозвола за рекреативен риболов
за 2025 година

1. Цената на државната дозвола за рекреативен риболов за сите риболовни води во Република Северна Македонија за 2025 година изнесува 8.300,00 денари.
2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно член 42 став (2) од Законот за рибарство и аквакултура ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 64/24) цената за издавање на државната дозвола е во висина од најмалку една петина од просечната нето - плата, исплатена во претходната година во Република Северна Мекедонија. Според утврдениот износ на просечната нето плата во 2024 година од податоците на Државниот завод за статистика, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Согласно член 43 став (1) и став (3) од Законот за рибарство и аквакултура, Државната дозвола се издава по поднесено барање (образец) за издавање државна дозвола во чиј прилог се доставува доказ за извршена уплата во Буџет на Република Северна Македонија – 70% од цената на дозволата (5.810,00 денари) и на сметка на корисниците за рекреативен риболов на подрачјето на општината каде што живее сопственикот на дозволата – 30% од цената на дозволата (2.490,00 денари).

Правна поука: Против ова решение може да се поведе спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

МИНИСТЕР,

Цветан Трипуновски

Изработил: Ивана Димитровска
Контролирал: Игор Бојаџиевски
Согласен: Васе Симовска Бошкова


Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанствона
Република Северна Македонија
Ул. „Аминта Трети" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3134 477
www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015